Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 16-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката
за востановување и доделување 9
Ноемвриски признанија на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9 Ноемвриски признанија на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.07/97, 07/01 и 05/04).

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

„Формата и содржината на плакетите, пофалниците и благодарниците се одредуваат од страна на Општина Велес, а средствата се предвидени во Буџетот“.

Член 3

Член 4 се менува и гласи:

„Признанијата се доделуваат на физички и правни лица, установи, здруженија, организации, неформални групи и други субјекти кои со своето дејствување дале особен придонес за Општина Велес и нејзина афирмација во земјата и странство“.

Член 4

Член 5 се менува и гласи:

„Признанијата се доделуваат на свеченост по повод 9 Ноември – Денот на Општина Велес“.

Член 5

Член 7 се менува и гласи:

„Јавен повик за доделување на 9 Ноемвриски признанија на Општина Велес распишува Комисијата за јавни дејности најдоцна до 5 октомври освен ако со јавниот повик не е утврден друг рок.

Предлог за доделување на наградата можат да поднесат Градоначалникот, член на Советот на Општина Велес, физички и правни лица, установи, здруженија, организации и други субјекти. Предлогот мора да биде образложен и да содржи податоци и докази за исполнување на условите од член 6 на оваа Одлука“.

Член 6

Член 8 се менува и гласи:

„Комисијата за јавни дејности ги разгледува предлозите и доставува образложен предлог до Советот на Општина Велес за добитници на 9 Ноември признанија.

Признанијата ги доделува Советот на Општината Велес по предлог на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Велес, а ги врачува Градоначалникот, Претседателот на Советот или член на Комисијата за јавни дејности“.

Член 7

Член 9 се менува и гласи:

„Секоја година се доделуваат до 10 плакети, пофалници и благодарници, доколку Советот на Општината Велес не одлучи поинаку“.

Член 8

Член 10 се менува и гласи:

„Предлозите за доделување 9 Ноември признанија се доставуваат до Комисијата за јавни дејности до рокот определен во јавниот повик.

Во исклучителни случаи и после рокот од претходниот став на овој член, предлози за признанија може да даде Комисијата за јавни дејности, член на Советот и Градоначалникот“.

Член 9

Во член 12 зборот „Одборот“ се заменува со зборот „Комисијата“.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на Советот на Општина Велес донесена е Одлука за востановување и доделување 9 Ноември признанија на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.07/97, 07/01 и 05/04).

Од причина што Одлуката е донесена во 1997 година, а измените се направени во 2001 и 2004 година и поминат е долг период од носење на истите, се јави потребата за изменување и дополнување на истата и усогласување со актуелната терминологија.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот.

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес. Излегува по потреба.	Број 7 година XXXIII 10 ноември 1997 година Велес	Претплатата за 1997 година и месечно 300 ден. Жиро сметка 41600-637-453

77.

Врз основа на член 43 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 52/95) и член 63 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 2/96),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ 9-ТО НОЕМВРИСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Се прогласува Одлуката за востановување и доделување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општината Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 03 октомври 1997 година.

Број 08-3401/1
3 10 1997 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Орде Николовски, с.р.

Врз основа на член 43, став 1, точка 38 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 2/96),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 03 октомври 1997 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ 9-ТО НОЕМВРИСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Член 1

Со оваа Одлука се востановуваат 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општината Велес што ќе се доделуваат за најдобри постигања во областа на стопанството, науката, културата, образованието, здравството, уметноста, физичката и техничката култура, архитектурата, публицистиката, иноваторството и екологијата.

Член 2

Наградите се доделуваат во паричен износ и признанијата во форма на плакета, диплома и пофалница.

Член 3

Паричниот износ на наградата се доделува во висина на 3 просечни месечни плати по работник, исплатени во стопанството на Републиката, во претходните три месеци.

За формата и содржината на плакетата, дипломата и пофалницата се грижи секретарот на Советот на Општина Велес.

Средствата за обезбедувањето на

наградите и признанијата се обезбедуваат во Буџетот на Општината Велес.

Член 4

Наградите и признанијата се доделуваат на поединци, како и на претпријатија, органи, организации и заедници чие дело и постигнати резултати се од значење за развојот на Општината Велес и нејзина афирмација во земјата и во светот.

Член 5

Наградите и признанијата се доделуваат секоја година на 9-ти Ноември, во чест на Денот на ослободувањето на град Велес.

Член 6

9-то Ноемвриската награда или признание се доделува доколку се исполнети следните услови:

- делото, односно постигнатите резултати да преставуваат значајно остварување за одредена област од член 4 на оваа Одлука;
- делото да е објавено и да станало достапно на јавноста до 15 октомври во годината во која се доделува наградата односно признанието и
- авторот на делото да е жител на Општината Велес или делото тематски да е врзано за Општината Велес.

Член 7

Иницијативи и предлози за доделување 9-го ноемвриски награди и признанија можат да поднесуваат: од Општината Велес, претпријатијата и другите органи, организации, политички партии, месни заедници и здруженија на граѓаните.

Иницијативата, односно предлогот мораат да бидат образложени.

Член 8

Наградите и признанијата ги доделува Советот на Општината Велес по предлог на Одборот за општествени дејности и одбележување на културно-историски настани на Советот на Општината Велес, а ги врачува градоначалникот на Општината Велес на свечена седница на Советот на Општината Велес, што секоја година се одржува на 9-ти ноември.

Член 9

По правило секоја година се доделуваат по три парични награди и десет плакети, дипломи или пофалници доколку Советот на Општината Велес не одлучи поинаку.

Член 10

Иницијативите и предлозите за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија, се доставуваат до Одборот за општествени дејности и одбележување на културно-историски настани најдоцна до 15 октомври во годината во која ќе доделуваат.

Член 11

Имињата на лицата и на субјектите ш добиле парична награда или признанија, дело односно остварувањето за кое тие им се доделе висината на наградата и видот на признанието, објавуваат во средствата за јавно информирање во Службеното гласник на Општината Велес.

Член 12

Стручните и административните работи Одборот до денот на врачувањето на наградите признанијата ќе ги врши Стручната служба Општината Велес.

Член 13

Со влегување во сила на оваа Одлук престануваат да важат: Одлуката за основање Фо за награди и признанија 9-ти Ноември на Општина Велес ("Службен гласник на Општината Велес" 5/81); Одлуката за основање Одбор за управува со Фондот за награди и признанија "9-ти Ноемв на Општината Велес ("Службен гласник Општината Велес" бр. 5/81); Статутот на Фондот награди и признанија "9-ти Ноември" на Општина Велес ("Службен гласник на Општината Велес" 8/81); Правилникот за работа на Одборот на Фонд за доделување награди и признанија "9-ти Ноемв на Општината Велес ("Службен гласник Општината Велес" бр. 8/81).

Член 14

Оваа Одлука влегува во сила со денот донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласн на Општината Велес".

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Велес.
Стеванка Богоевска, с. р.

78.

Врз основа на член 43, точка 2 од Законот локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 95) и член 63, став 1 од Статутот на Општината Вел ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 2/96).

Градоначалникот на Општина Вел донесува.

општествени дејности и обележување на културно-историски настани, член на Советот и градоначалникот.

Член 5

Во член 11, зборот "парична" се брише.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска, с.р.

91.

Врз основа на член 43, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 52/95) и член 63, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес" бр. 2/96).

Градоначалникот на Општина Велес донесува

ЗАКЛУЧОК

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА 9-ТО НОЕМВРИСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Се прогласува Одлуката за доделување на 9-то ноемвриски награди и признанија, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05 ноември 2001 год.

Број 0701-1888/5
05. 11. 2001 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски, с.р.

Врз основа на член 44, став 1, точка 38 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 2/96), член 4 од Одлуката за востановување на 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 7/97) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за востановување 9-то носмвриски награди и признанија на Општина Велес бр. 0701-1888/4.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.11.2001 год. донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА 9-ТО НОЕМВРИС НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 1

По повод 9-ти Ноември-Денот на Оп Велес, а за особени заслуги и придонеси за р афирмација на Општина Велес се донесува (за доделување 9-то ноемвриски награ признанија.

Член 2

Спомен-плакета на Општината Ве доделува на:

1. Кире Василевски-новинар
2. Проф. д-р Александар Трајан доктор по историски науки

Член 3

9-то Ноемвриска вредносна награ доделува на:

1. Јордан Витанов-актер
2. Младинската екипа на фудбалски "Борец"-Велес

Член 4

Благодарница се доделува на:

1. Г-дин Трифун Костовски-стопанст

Член 5

Пофалница се доделува на:

1.ЗГР "Романи Бах"

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со ден донесувањето, а ќе се објави во "Службен г на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Вел
Стеванка Богоевска, с.р

92.

Врз основа на член 43, точка 2 од Зак локалната самоуправа ("Службен весник на Р 52/95) и член 63, став 1 од Статутот на Опш Велес ("Службен гласник на Општина Велес 96).

Градоначалникот на Општина Велес,

ЗАКЛУЧОК

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУК ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦ ОПШТИНА ВЕЛЕС

Се прогласува Одлуката за изм

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	Број 7 година XXXVII 12. 11. 2001 година Велес	Претплата за 2001 година изнесува 300 ден. Жиро сметка 41600-637-453

90.

Врз основа на член 43, точка 2 од Законот ...локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" ...52/95) и член 63, став 1 од Статутот на ...штината Велес ("Службен гласник на Општина ...лес" бр. 2/96),

Градоначалникот на Општина Велес, ...есува

З А К Л У Ч О К

...А ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ...МЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ...А ВОСТАНОВУВАЊЕ 9-ТО НОЕМВРИСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Се прогласува Одлуката за измена и ...лнување на Одлуката за востановување 9-то ...вриски награди и признанија на Општина ...лес, што Советот на Општина Велес ја донесе ...седницата одржана на 05 ноември 2001 година.

...701-1888/4
... 2001 год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски, с. р.

Врз основа на член 44, став 1, точка 38, од ...т на Општина Велес (пречистен текст). ...бен гласник на Општина Велес" бр. 9/2000), Советот на Општина Велес на седницата ...на ден 05.11. 2001 година донесе.

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ 9-ТО НОЕМВРИСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Член 1

Член 2 од Одлуката за востановување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 7/97) се брише и се заменува со

"Член 2

Наградите се доделуваат во: вредносен износ, признанија во форма на плакета, диплома, пофалница и благодарница".

Член 2

Во член 3, став 1 текстот "паричниот износ на наградата се доделува во висина на" се брише и се заменува со: "вредносниот износ на наградата се доделува во висина до".

Во став 2 во вториот ред сврзникот "и" се брише и се заменува со запирка, а после зборот пофалница се додава "и благодарница".

Член 3

Во членот 9 зборот "по" се брише и се заменува со зборот "до", зборот "парична" се брише и се заменува со "вредносна", зборот "или" се брише и се заменува со запирка и после зборот "пофалница" се додава "и благодарница".

Член 4

Во членот 10 после првиот став се додава став 2 кој гласи:

"Во исклучителни случаи и после рокот од претходниот став на овој член, иницијативи за ...награди и признанија може да даде Одборот за

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за востановување и доделување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.7/97 и 7/01) се вршат измени и дополнување:

- зборот „награди" во насловот на одлуката и во целиот текст од истата се брише.

Член 2

Текстот од членот 2 се брише и се заменува со:

„Член 2

Признанијата се доделуваат во форма на плакети, пофалници и благодарници".

Член 4

Во членот 3 ставот 1 се брише.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/10
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/5
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр.45/97, 23/99 и 45/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст)

Член 1

Ставот 2, на член 75 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст) („Сл.гласник на Општина Велес" бр.2/04), се брише и се заменува со нов став 2:

„Жалбата против решението на Комуналниот инспектор може да се поднесе до Комисијата за решавање на управна постапка во втор степен за работи од комуналната област при Владата на Република Македонија."

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила осум дена по денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/6
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на нов објект на театар во Велес

Се прогласува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за